# ФИНАНСИСКИ ПРИСТАП ДО ПРАВДА ВО ОСНОВНИТЕ СУДОВИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

***„Пристапот до правда е компонента на владеењето на правото составена од број на елементи што во основа значи дека поединците и заедниците со правни проблеми да знаат каде да побараат помош, да ја добијат помошта која што им е потребна, а најважно е да имаат систем кој е финансиски достапен за сите и нуди процедурална и суштинска заштита.“***

*Овој бриф е подготвен од Коалицијата "Сите за правично судење" со поддршка на американскиот народ преку Агенцијата на САД за меѓународен развој (УСАИД). Мислењата изразени во овој бриф не ги изразуваат ставовите на Агенцијата на САД за меѓународен развој или на Владата на Соединетите Американски Држави.*

октомври, 2020
Скопје

USAID
ОД АМЕРИКАНСКИОТ НАРОД

КОАЛИЦИЈА
СИТЕ ЗА ПРАВИЧНО СУДЕЊЕ
TË GJITHË PËR GJYKIME TË DREJTA
SARINE BAŠO NIJAMALO KRISIPE

# „Финансиски пристап до правда во основните судови во Република Северна Македонија“

## ВОВЕД

Терминот „пристап до правда“ не може да се објасни само преку една дефиниција. Сепак, идејата за правда е заедничка за сите, и генерално вклучува идеи за еднаквост, одговорност и правичност на исходот на постапката. Пристапот до правда го дефинираат повеќе елементи како што се правото до пристап до суд, правото на независност и на непристрасност на судовите, правото на правични и јавни судења, правото на советување, бранење и претставување, правото на бесплатна правна помош, правото на правни лекови. Тоа значи дека „Пристапот до правда“ опфаќа ефективен пристап на луѓето до формалните и неформалните системи во државата, процедури, информации и сл. и локациите што се користат при спроведувањето на правдата.

Пристапот до правда како општ поим претставува еднакво овозможен пристап на граѓаните до нивните законски и уставно загарантирани слободи и права, кој е загарантиран од страна на државата преку домашната легислатива и меѓународните документи ратификувани со закон. Како една од основните гаранции за заштита на правата, нашиот Устав ја предвидува заштитата пред судовите и Уставниот суд на Република Северна Македонија, која се реализира преку водење на постапки кои може да бидат судски или управни.

Правото на пристап до суд е појдовното право кое претпоставува и достапност на судовите, односно можност да се оствари заштитата во роковите кои се предвидени со закон или пак се определени од страна на судовите. Ова само по себе подразбира ограничување во остварување на правата од причина што по изминување на предвидените рокови, за истите постои закана дека нема да можат да бидат остварени во иднина. Ограничувањето подразбира објективен елемент односно причини, како на пример временското ограничување за делување, што подразбира рокови кои се пропишани во законот, а најчесто се однесуваат на рокови за поднесување тужба, плаќање на судска такса за тужба, поднесување на жалба на пресуда и сл. Но и субјективен елемент, кој претпоставува неопходна финансиска ликвидност на странките кои имаат намера да учествуваат во некоја постапка. Ова подразбира поседување односно остварување на задоволително ниво на финансиски средства кои се неопходни за отпочнување, а понатаму и тек на една судска постапка, што во ниту еден случај не би смеело да претставува услов за остварување на права на граѓаните, а со тоа и ограничување на правото за пристап до суд.

Не навлегувајќи во објективните причини за ограничување на правото за пристап до суд, кои својата основаност и легитимитет ја црпат од целокупната пишана регулатива во државата, во овој документ за јавни политики ќе се задржиме на субјективните причини односно прашањето поврзано со економски т.е. финансиските пречки за пристап до судовите од страна на граѓаните.

## ТРОШОЦИ НА ПОСТАПКА

Трошоци на судска постапка претставуваат финансиски издатоци кои настануваат во текот или по повод на една постапката, во кои покрај судска такса, која претставува задолжителен надомест за отпочнување на една постапка, спаѓаат и наградата на адвокатот, како и на други лица на кои согласно законот им се признава право на награда или пак трошок (на пример сведоци и вештаци). Овие трошоци опфаќаат и трошоци кои настануваат пред започнување на постапката, а кои се однесуваат на изготвување на вештачења, трошоци кои можат да настанат претходно, а се поврзани со обезбедување на доказни материјали кои подоцна би се приложиле во постапката. Без оглед на исходот на спорот, со секое поведување на постапка се предизвикуваат трошоци за кои судот мора да одлучи, без разлика дали

станува збор за донесување пресуда или решение.[1] Судовите, при носење на одлука по однос на трошоците на постапката, ги имплементираат одредбите од процесните закони (Законот за парничната и кривичната постапка), Законот за судски такси (ЗСТ), како и Законот за адвокатура, Законот за нотаријат во контекст на примена на тарифниците за надомест на трошоците на адвокатите и нотарите.

Отпочнувањето на парничната постапка претпоставува поднесување на тужба со конкретно и определено тужбено барање на странката која има потреба да оствари или заштити некое свое право или пак да утврди и воспостави некаков однос, што само по себе подразбира оптоварување со трошоци како во техничко-буџетска смисла (судските такси), така и во смисла на трошоци за ангажирање на професионално лице за застапување (полномошник-адвокат). Имено, лицето по чиј предлог се поведува постапката (тужителот), согласно процесните закони како и Законот за судски такси има обврска да надомести определен паричен износ во корист на Буџетот на Р. Северна Македонија - судска такса, која се определува во зависност како од вредноста на спорот, така и од основот по повод кој е заведен спорот. Тужениот или лицето кое е "внесено" во парница од друга страна пак, нема обврска за надоместување на судски такси за поднесување реплика односно одговор на поднесената тужба, во која ги истакнува своите спротивставени наводи. Ова е од причина што законот предвидува задолжителна обврска[2] на тужбеното лице да поднесе одговор на тужба и да ги изнесе своите наводи, па поради оваа задолжителна обврска за процесно дејствие, истиот и го амнестира од трошоците за судската такса. Кога станува збор за останатите процесни дејствија како што се на пример поднесување на редовни или пак вонредни правни лекови и одговори на истите (жалба, одговор на жалба, ревизија или пак одговор на истата), и двете странки се обврзани со плаќање на судски такси, а ова се должи на незадолжителниот односно факултативниот карактер за примена на истите. Законот за парнична постапка, е во голема мера концизен и строг кога станува збор за надоместот на судските такси во корист на Буџетот на државата. Поточно, истиот во член 164 став 2 предвидува дека „Судот нема да постапува по тужба ниту да преземе друго дејствие за кое не е платена судската такса.", што значи дека било какво постапување по повод поднесената тужба е ограничено до подмирување на оваа обврска од страна на таксениот обврзник[3], а кога станува збор за останатите процесни дејствија (со исклучок на тужбата) за кои е предвидена судска такса, заканата од нејзината присилна наплата преку надлежните органи претставува гаранција за преземање на дејствијата во постапката.

Согласно Законот за адвокатура и Адвокатската тарифа на Адвокатска Комора на Република Северна Македонија, при ангажирање на полномошник (лице кое во иднина ќе застапува една од странките во постапката) лицето кое истиот го ангажира треба да обезбеди одреден надомест (согласно Адвокатската тарифа) за стручните правни услуги кои полномошникот ќе му ги обезбеди. Овие услуги како што веќе напоменавме, се предвидени во Адвокатската тарифа, составен дел од Законот за адвокатура и истите опфаќаат различни категории на дејствија кои адвокатите ги преземаат, како на пример награда за состав на тужба, трошоци за присуство на рочиштата, како и за сите останати дејствијата кои тој треба да ги преземе во рамките на спорот, заштитувајќи ги интересите и правата на својот клиент.

Законот предвидува и преземање на одредена категорија на дејствија во постапката за кои учесниците и нивните полномошници, како и судот, го немаат потребниот степен на стручно знаење, па неопходно е да се ангажираат стручни лица од индивидуални области односно вештаци. Ангажирањето на овие специјализирани во конкретна област, вешти лица, претпоставува професионално видување, оценка и констатација за одредена фактичка состојба или индивидуални факти, кое се изготвува во форма на стручен наод и мислење. Пресметувањето на наградата за извршеното вештачење, во зависност од областа на вештачењето, се врши сразмерно според висината на паричната вредност на предметот на

[1] Член 161 од Закон за парична постапка (ЗПП)
[2] Член 269 ст.2 од ЗПП -"Со поканата со која се доставува тужбата, тужениот ќе се предупреди дека е должен да даде писмен одговор на тужбата во рок што ќе го определи судот, кој не може да биде пократок од 15 дена, ниту подолг од 30 дена од денот на приемот на тужбата. Судот е должен во поканата да го предупреди тужениот на правните последици од не давање на писмен одговор на тужбата во определениот рок (член 319)."
[3] Член 3, став 1 од Закон за судските такси

вештачење, сложеноста на вештачењето, потребното време за прибирање на податоците и изработка на вештачењето (наодот и мислењето), а истата е утврдена со Правилник за начинот на пресметување на наградата за извршеното вештачење или супер вештачење и надоместокот за реално потребните трошоци, согласно Законот за вештачење.

Висината на судската такса предвидена во судските спорови, претпоставува првично утврдување на вредноста на секој индивидуален спор. Оваа вредност пак, во иднина претставува таксена основица согласно која се утврдуваат сите трошоци во постапката (било тоа да се адвокатски, судски, трошоци за вештаци и сл.). Законот за судски такси предвидува утврдување на вредноста на спорот во зависност од основот кој секој индивидуален предмет го има. Па така, кога станува збор за парични побарувања[4], вредноста на споровите е идентична како и онаа на побарувањето, но кога станува збор за предмети со непарични побарувања, Законот предвидува различни варијации на вредноста согласно однапред предвидена и утврдена рамка[5], која е поставена во самиот Закон. Определувањето на вредноста на спорот е од особено значење во една постапка, како од аспект на првичното определување на трошоците поврзани со судските такси и останатите трошоци на постапката, така и од аспект на можноста за примена и користење на евентуални вонредни правни лекови, како на пример правото за поднесување на ревизија.

При несоодветно и целосно утврдена вредноста на спорот од подносителот на тужбеното барање, судот, по службена должност има обврска истата да ја коригира. Во овој процес на “исправување” на грешката при утврдување на вредноста, судот ќе го коригира конкретниот износ во рамки на она што иницијално би требало да биде утврдено и веднаш ќе ја задолжи странката, која е таксен обврзник да ја уплати дополнително утврдената такса. Доколку пак станува збор за случај во кој што странките “избегнале” со поднесувањето на тужбата да ја намира оваа нивна обврска и при тоа да достават доказ за истата, судот ќе донесе решение со кое ќе утврди дека тужбата се повлекува и во иднина нема да постапува по тој предмет [6].

Кога станува збор за судските такси, особено е важно да се акцентира нивната градација утврдена во Законот, и тоа, како во поглед на варијација односно зголемување на вредноста на спорот, така и во поглед на процесните дејствија кои се преземаат. Поточно, со зголемувањето на износот на побарувањата или во зависност од тоа во која финансиска категорија истиот се наоѓа, се зголемува и висината на судската такса. Па така, за спорови со вредност на спорот до 10.000 ден. судските такси се утврдуваат на 480 ден., за спорови од 10.000ден. до 20.000 ден., судската такса изнесува 800 ден. итн. Но, кога станува збор за процесните дејствија кои се преземаат - дали станува збор за иницирање на постапка, со поднесување на тужба или пак за останати процесни дејствија како на пример користење на редовни правни лекови, овие трошоци варираат до степен и на нивно двократно зголемување. Конкретно, доколку висината на судската такса согласно категоријата на вредноста на спорот припаѓа на категорија за која би биле платени судски такси за тужба во износ од 1.200ден.[7], судските такси за поднесување на редовен правен лек, согласно таксената тарифа за водење на парнични постапки, би изнесувале 2.400 ден.

Меѓутоа, она што е специфично во поглед на судските такси е фактот што идните дејствија кои се очекуваат да се преземат од судот по поднесување на тужбата, се ограничуваат само кога станува збор за такси поврзани со самата тужба. Кога станува збор за такси кои произлегуваат од понатамошниот тек на постапката, членот 27 од Законот за судски такси предвидува дека доколку судот прими поднесок од

---

[4] Побарување е право на наплата на паричен износ или право на некое сторување, несторување, трпење или воспоставување на поранешна состојба;

[5] Пример: за сопственички спорови и спорови за владение на недвижности како таксена основица се зема прометната вредност на предметот на спорот. Доколку предмет на спорот пак е наследно право на целата оставина, како таксена основица се зема вредноста на чистата оставина, а ако предмет на спорот е само еден дел од оставината или одделен предмет од оставината, како таксена основица се зема чистата вредност на тој дел, односно тој предмет.

[6] Член 146, став 3 од Закон за парничната постапка

[7] На пример за работен спор чија вредноста се утврдува на 40.000 ден. согласно Законот за судските такси

странка за која не е платена такса или таксата не е платена целосно или пак странката не доставила доказ за платена такса, судот на подносителот ќе му достави налог за плаќање на таксата со укажување дека е должен да ја плати во рок од 5 дена од приемот на налогот, при што ќе ја предупреди странката за последиците од неплаќањето на таксата. Доколку странката не постапи по задолжението на судот, тогаш истиот ќе побара од Управата за јавни приходи на чие подрачје таксениот обврзник има живеалиште да ја наплати истата присилно. Што значи, понатамошното надоместување на таксите во судот, кои ќе произлезат од спорот, не претставува пречка за постапувањето односно работењето на судот на конкретниот предмет.

Кога станува збор пак за останатите трошоци на постапката, вклучително и адвокатски трошоци, идентично како и за судските такси, и во овој случај се применува принцип на градирање на трошоците, а во зависност од вредноста на спорот или преземените дејствија во постапката. Оттука, освен она што е општо познато како трошок на адвокатите за застапување во судски спор, се подразбира и трошоци за составување на писмена (барања, поднесоци, итн.), усни совети, редовни и вонредни правни лекови и сл., кои категории на услуги имаат одредена однапред утврдена валоризација согласно Адвокатската тарифа, предвидена со Законот за адвокатура. Последните измени на овој Закон, односно неговата тарифа, предвидоа зголемување на основиците за адвокатските трошоците во повеќе категории, па со истите се “исправи” долгогодишната неправда во тарифникот која се однесуваше на со децении не променетите износи за адвокатски трошоци, наспроти зголемувањата на сите останати трошоци во државата, нејзиниот стандард, како и потрошувачката кошничка на граѓаните. Истата беше систематизирана на посовремен начин, предвидувајќи ги јасно и недвосмислено процесните дејствија и надоместот за адвокатите, позиционирајќи ја адвокатурата на ниво слично како и останатите носители на оваа професија во регионов. Но, при изготвување на истата, поточно при вршењето на промени на износите во истата, не е посветено внимание на социјално загрозените категории на граѓани односно на остварување на нивните права. Имено, трошоците за остварување на права на работниците од работен однос на пример, се во голема мера високо поставена категорија за тарифирање, а идентично со нив, поставени се и споровите односно остварување на правата на лица во семејни спорови. Земено ова предвид, а сублимирано и со трошоците за судските такси за овој вид на спорови, граѓаните би требало да издвојат средства во висина од околу половина просечна плата во државава со цел да ја отпочнат постапката за работен спор или спор за остварување на права од семејни односи.

## ВЛИЈАНИЕТО НА ТРОШОЦИТЕ ВРЗ ПРИСТАПОТ ДО ПРАВДА

Согласно податоците од Државниот завод за статистика на Република Северна Македонија (РСМ), просечната месечна исплатена нето-плата по вработен, во август 2020 година во РСМ, изнесува 26. 867,00 денари (околу 434 евра).[8] Од друга страна, минималната плата во РСМ, од месец јули 2020 година изнесува 14.934,00 денари (околу 242 евра)[9]

Со оглед на овие податоци кои што се однесуваат на платите во Р Северна Македонија, се поставува прашањето колку граѓаните имаат пристап до правда кога трошоците за поведување на една постапка можат да бидат далеку повисоки од минималната плата која што се исплаќа во Р. Северна Македонија. Граѓаните освен што треба да ги покријат судските такси, истите треба да ги покријат и трошоците за адвокат кој што ќе ги застапува нивните интереси, трошоци за подготовка на вештачења и слично како би можеле да го „обезбедат“ предметот со доволно докази за судот да донесе пресуда во нивна корист и да го остварат правото загарантирано со Уставот.

[8] http://www.stat.gov.mk/PrikaziSoopstenie.aspx?rbrtxt=40
[9] http://www.ssm.org.mk/mk/14934-denari-kje-iznesuva-minimalnata-plata-od-juli-2020-godina

Согласно чл. 148 став 1 од Законот за парнична постапка странката која што во целост ќе ја загуби парницата треба да ги покрие трошоците кои што ќе бидат определени во пресудата.

Високите судски трошоци кои што понекогаш може да ја надминат и просечната плата во Р. Северна Македонија влијаат на тоа колку граѓаните се во можност да ја остварат правдата пред судовите во Р. Северна Македонија. Со оглед на состојбите во нашата држава можеме да констатираме дека не секој граѓанин може да го оствари правото да поведе судска постапка, особено ако месечните примања се сведат на минималната плата.

Пример за трошоци за судска такса:

| Износ на судски такси за тужби, жалби и одлуки | | | |
|---|---|---|---|
| Вид на тужба | Износ на судската такса | Износ на такса за жалба | Износ на такса за пресуда |
| Тужба за развод на брак | 800,00 ден. | 1.600,00 ден. | 800,00 ден. |
| Тужба поради смеќавање на владение | 1.200,00 ден. | 2.400,00 ден. | 1.200,00 ден. |
| Тужба за исполнување на обврските од договор за доживотна издршка | 800,00 ден. | 1.600,00 ден. | 800,00 ден. |
| Тужба за надомест на неисплатени плати и придонеси од работен однос во висина од 130.000,00 ден. | 2.600,00 ден. | 3.200,00 ден. | 2.600,00 ден. |
| Тужба за признавање на правото на сопственост над стан во вредност од 2.460.000,00 ден. (40.000 евра) - пример | 48.000,00 ден. | 96.000,00 ден. | 48.000,00 ден. |

Горе наведените износи се однесуваат на судските такси кои што граѓаните согласно законот имаат обврска истите да ги платат во текот на постапката. Имајќи ја предвид висината на судските трошоци кои што треба да се исплатат за започнување на постапка, за вложување на жалба или пак за пресуда можеме да констатираме дека сите граѓани немаат еднаква финансиска можност за остварување на своите права во судска постапка и како резултат на тоа голем дел од нив не поведуваат судски постапки за заштита на нивните права.

## ПРАКСА И СТАВОВИ НА ЕВРОПСКИОТ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

Ваквиот став е поддржан и од Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП) според кој правото на фер судење подразбира и право на финансиски пристап до суд и дека услов за плаќање на високи судски такси може да претставува повреда на тоа право. Имено, ЕСЧП низ својата пракса има констатирано дека плаќање на значителни такси на граѓанските судови може да се смета како ограничување на правото на пристап до судот. Овој став на ЕСЧП е утврден во предметот Божана Кијевска против Полска[10], во кој апликантката поднела жалба, тврдејќи дека преголемата судска такса со која била задолжена од домашните судови потребна за да се продолжи со нејзиното барање претставува повреда на нејзиното право на пристап до суд. Мислењето на Европскиот суд за човекови права е дека висината на трошоците на судската постапка проценети во однос на конкретните околности на случајот, вклучително и можноста на жалителот да ги плати и фазата на постапката во која е наметнато тоа ограничување, се фактори кои се значајни во утврдувањето дали некое лице уживало право на пристап до суд и фер и правично судење. Во конкретниот случај, ЕСЧП констатирал повреда на член 6 од Европската конвенција за човекови права, сметајќи дека сумата на судските такси е значително голема, особено ако се имаат предвид месечните

[10] Предмет Божана Кијевска против Полска , А.бр. 73002/01, пресуда од 06.10.2007 година

примања на жалителот, наведувајќи дека „не е разумно да се бара од жалителот да ги потроши своите примања за плаќање на судски такси, а не на нејзините основни животни потреби“. ЕСЧП исто така забележал дека судот ако не во целост, можел и требало да размисли барем за делумно ослободување од судски такси.

ЕСЧП стои на ставот дека првичното водење на постапката е безначајно ако некој нема право воопшто да ја поведе постапката. Правото на фер судење претпоставува право на пристап до суд, исто како што претпоставува постоењето на самите судови. Согласно мислењето на ЕСЧП, Конвенцијата има за цел да гарантира не права што се теоретски или илузорни, туку права кои се практични и ефективни. Во практична смисла, наметнување на значителен финансиски товар што се должи на завршувањето на постапката исто така може да делува како ограничување на правото на суд.

## ЗАКОНСКИ РЕШЕНИЈА КОИ ГО ОЛЕСНУВААТ ПРИСТАПОТ ДО ПРАВДА

Иако наметнувањето судски такси е цел што е компатибилна со добрата администрација на правдата, релативно високата и целосно нефлексибилна стапка на судски такси, може да претставува ограничување на правото на пристап до суд, кое нешто е непропорционално со легитимната цел за која се поведува една судска постапка.

Во однос на сето горе наведено, треба да се има предвид дека граѓанското право во Р. Северна Македонија го познава и го регулира институтот “сиромашко право”. Овој институт е уреден во Законот за парнична постапка, во членовите 163-169 под назив: „Ослободување од плаќање трошоци на постапка“. Така, согласно член 163 од Законот за парничната постапка судот ќе ја ослободи од плаќање на трошоците на постапката странката која според својата општа имотна состојба не е во можност да ги поднесува овие трошоци без штета за својата нужна издршка и нужната издршка на своето семејство. Оваа одлука првостепениот суд ја носи, по предлог на странката поткрепен со докази што ја докажуваат неговата имотна состојба. Слично олеснување на состојбата со надоместот на судските такси претставува и категоријата одложување на истите, ко е предвидено во Законот за судските такси[11] и уредува можност за одложено плаќање на таксите или пак нивно плаќање на рати.

Ослободувањето од плаќање на трошоците на постапката опфаќа ослободување од плаќање на такси и ослободување од полагање на аванс за трошоците на сведоците, вештаците, за увид и за судските огласи. Судот исто така може да ја ослободи странката само од плаќање на такси ако со плаќањето на таксите значително би биле намалени средствата од кои се издржува странката и членовите на нејзиното семејство. При донесувањето на одлуката за ослободување од плаќање на трошоците на постапката, судот грижливо ќе ги оцени сите околности, а особено ќе ја земе предвид вредноста на предметот на спорот, бројот на лицата што ги издржува странката и приходите што ги имаат странката и членовите на нејзиното семејство. Законот за парнична постапка му дава можност на судот во текот на постапката да ја промени одлуката за ослободувањето од трошоци на странката, ако утврди дека странката е во состојба да ги поднесува трошоците на постапката.

Согласно одредбите во Законот за парнична постапка може да се забележи дека освен за судските такси не постои целосно ослободување на учесникот во постапката од трошоците за сведоците, вештаците, за увид и за судските трошоци. Во законската одредба е употребен терминот „аванс“, што значи дека постои ослободување од плаќање на трошоците однапред, но не и целосно ослободување. На крајот, зависно од исходот на спорот, странката што го губи спорот ќе биде задолжена да ѝ ги надомести овие трошоци на спротивната страна.

[11] Член 13 ст.2 од Законот за судските такси

Уставно загарантираното право на еднаквост, кое е во корелација со правото на еднаков пристап до правда, се заштитува и со Законот за бесплатна правна помош, правен инструмент кој им го олеснува пристапот до надлежните институции на ранливата категорија на граѓани.

Со цел да се овозможи и унапреди правото на физичките лица на пристап до правдата и правичната судска заштита, во 2019 година се донесе нов Закон за бесплатна правна помош, со кој се обезбедија поголеми придобивки и заштита за граѓаните: пред сè, олеснети се условите кои граѓаните треба да ги исполнат за да добијат бесплатна правна помош, со што се обезбедува еднаков пристап до правда за сите, особено за најсиромашните и маргинализирани граѓани. Воедно бесплатна правна помош, со одредени исклучоци е предвидена во сите правни области, со што се зголеми опфатот на загрозени и ранливи лица, а со тоа и можноста за поголема заштита на правата на граѓаните. Законот предвидува примарна правна помош која се однесува на сите физички лица кои имаат живеалиште или престојувалиште на територија на РСМ, и секундарна правна помош за лицата кои имаат потреба од стручна правна помош од адвокат за конкретна работа, а кои не се во можност да ги платат трошоците на постапката заради нивната финансиска состојба и чие барање е оправдано. Тоа значи дека лицето кое поднесува барање за секундарна бесплатна правна помош треба да исполнува услови кои се предвидени со законот, а тоа е загрозена финансиска состојба на барателот[12], имотот кој истиот и неговото семејство[13] го поседуваат како и правното прашање да е оправдано. Оправданоста на барањето[14] како трет услов кој треба барателот да го исполни, законодавецот не го уредува детално во Законот за бесплатна правна помош, напротив само таксативно набројува кога барањето ќе се смета дека е неоправдано, што се остава на диспозиција на институцијата која го одобрува барањето.

Исто како и кај ослободувањето од трошоци, бесплатната правна помош не ги опфаќа трошоците кои корисникот на бесплатна правна помош е должен да ги надомести ако не успее во парничната постапка. Тоа значи дека доколку лицето на кое му е одобрена бесплатната правна помош го изгуби спорот, тогаш тој ќе мора да ги надомести трошоците на спротивната страна.

## ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

Не е доволно само да се направат измени во законите, без притоа измените да се имплементираат во секојдневниот живот. Поради тоа, особено во поглед на новиот Закон за бесплатна правна помош, потребно е да се има ефективен, ефикасен и одржлив систем за бесплатна правна помош кој ќе биде ориентиран кон унапредување на финансирањето на системот за правна помош доведувајќи го поблиску до оние кои се засегнати и кои имаат потреба од правна помош. Покрај тоа, од многу големо значење е да се зголеми степенот на информираност за БПП, и можноста на неговото користење од страна на засегнатите граѓани.

Што се однесува на судските такси, од многу големо значење е Законот за судски такси да претрпи измени. При донесување на измени во Законот потребно е законодавецот да ги има превид стандардите на живот во државата, со цел истите да не претставуваат пречка при донесување на одлука дали да се бара судска заштита. Според последните податоци на Државниот завод за статистика – во делот за приходи и животни услови стапката на сиромашни изнесува 21,9% , па имајќи ја предвид големата стапка на невработеност и лошата финансиска состојба, се поставува прашањето колку од граѓаните во РСМ одлучуваат воопшто да покренат спор, кога би ги земале превид високите трошоци за остварувањето на заштита на своите права. Тоа значи дека висината на судските такси треба да се намалат, бидејќи високите судски такси ја прават правдата недостапна за граѓаните.

---

[12] Член 18 од Законот за бесплатна правна помош

[13] Член 19 од Законот за бесплатна правна помош

[14] Член 21 од Законот за бесплатна правна помош

Иако адвокатурата е самостојна професија и уставно загарантирана категорија, неопходно е да се разгледа и земе предвид висината на адвокатските трошоци утврдени во Адвокатската тарифа, кога станува збор за остварување на права на социјално загрозени и ранливи категории на лица. Токму овие категории на граѓани, при остварување на нивните права се соочени со високи трошоци за адвокатски услуги кои не секогаш се во можност да ги надоместат, па често и истите се откажуваат и ги прекинуваат постапките токму поради висината на трошоците. Иако праксата упатува дека хуманата страна на носителите на оваа професија има свое влијание и дека дел од истите се обидуваат првично да “испорачаат” права, па потоа да добијат надомест за ова, сметаме дека соодветната интервенција во законот кој го уредува ова прашање, кога станува збор за погоре наведената категорија на лица, би го олеснил пристапот до правда за граѓаните, а сепак и би го унапредил достоинственото работење на претставниците од оваа фела.

Покрај тоа, потребно е странките да бидат поучени и за можноста да бидат ослободени од плаќање на судски такси со користење на институтот ослободување од трошоци, а за таа цел неопходно е во Законот за парнична постапка во делот за ослободување од трошоци да се вметне одредба со која судиите при постапувањето на предметите, задолжително ќе мораат да ги поучуваат странките за користење на овој институт.

**Пристапот до правда е компонента на владеењето на правото составена од број на елементи што во основата значи дека поединците и заедниците со правни проблеми да знаат каде да побараат помош, да ја добијат помошта што им е потребна, а најважно е да имаат систем кој е финансиски достапен за сите и нуди процедурална и суштинска заштита.**